**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Првото продложение на Сто и првата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 23 јуни 2005 година**

Седницата се одржа во Собранинето на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11,05 часот.

Со седницата претседаваше Љупчо Јордановски, претседател на Собранието на Република Македонија .

**Љупчо Јордановски:** Продолжуваме со работа по 101-та седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците: Ванчо Георгиев, Ангелка Пеева-Лауренчиќ, Гзим Острени, Љубчо Георгиевски, Али Ахмети, Теута Арифи, Љубе Бошковски, Никола Груевски, Сашко Кедев и Петар Наумовски ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Минуваме на **Точка 10 - Предлог на закон за парничната постапка**

Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Согласно член 98 став 5, од Уставот на Република Македонија овој закон се донесува со 2/3 мнозинство гласови од вкупниот број пратеници.

Согласно точка 2 од амандманот 10 од Уставот на Република Македонија овој закон се донесува со мнозинство гласови од присутните пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

ЗПК поднесе амандмани на член 15 став 1, член 20 став 3, член 78 став 2, член 83 став 2, член 84 став 2, член 102 став 4, член 114, член 116 став 1, член 128 став 2, член 147 став 2, член 164 став 2, член 215 став 1, член 217 став 3, член 235 став 2, член 272 став 4, член 295 став 1, член 377 став 2, член 396 став 3, за бришење на член 404, член 466, член 475 став 1 и 2, за додавање нов член 475-а, по членот 475, член 476, член 477 со кои се согласил претставникот на Владата и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците поднесе амандмани на член 147 став 5 и на член 381 став 4 со кои се согласил претставникот на Владата и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Пратениците Нелко Стојановски и Ристе Бислимовски поднесоа амандмани на член 145 за менување на став 2 и на член 149 за менување на став 2 по кои Владата не се произнела.

Пратениците Аднан Јашари, Рафис Алити и Недим Рамизи поднесоа амандмани на член 95 за менување на став 2.

Член 143 за бришење на точка 8 и на член 143 став 7 по кои Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 95 за менување на став 2, поднесен од пратениците Аднан Јашари, Рафис Алити и Недим Рамизи.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правда .

Повелете госпоѓо Младеновска.

**Мери Младеновска:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Дали некој бара збор?

Повелете господине Јашари, имате збор.

**Аднан Јашари:** Ви благодарам господине претседател,

Евидентно е дека ние како пратеници сме предложиле три амандмани и сите три се поврзани еден со друг и два од амандманите кои што следат после овој првиот се тесно поврзани еден со друг и зависат од тоа дали ќе се прифати или не овој амандман, првиот.

Предложениот амандман, значи амандманот 1 за членот 95, став 2, има за цел да го врати тоа што беше предвидено во првата, претходната фаза, а тоа е тесно поврзано со службеното употребување на јазикот на заедницата што е над 20% на Републичко ниво.

Така како што е предложено во овој член, моја проценка е дека во директна спротивност со амабндманот 5 од Уставот на Република Македонија и непосредно е во спротивност со саите одредби од овој закон. Во оваа прилика, дозволете да прочитам член 6 алинеја 2 став 2, каде меѓудругото вели вака: "Во парнична постапка друг службен јазик и пишувањето кое што го говорат најмалку 20% од граѓаните, може да се употребува во согласност со овој закон". Сепак, доколку се анализира членот 95 алинеја 2, се гледа дека не се оди на озваничување или службена употреба на јазикот на државно ниво, туку ова се остава на ниво на локална самоуправа или на ниво на општините каде што живеат над 20% од граѓаните кои што ќе имаат право на употреба, на службена употреба на нивниот мајчин јазик.

Во оваа прилика сакам да нагласам и еден друг факт, кој што го кажав и во ЗПК. Значи, се говори за членот 94-б, од Законот за изменување и дополнување на Законот за парнична постапка, каде многу јасно се гледа што и како е уредено ова прашање со овој закон.

Преку овој предложен амандман од нас тројца пратеници се бара враќање на ова што било во актуелниот Закон и над се би сакал да нагласам и уште нешто друго. Ова прашање е регулирано и со другите закони од оваа природа, значи во правен карактер, како што е Законот за административна постапка, член 61 алинеја 4 и над се е регулирано со Законот за кривична постапка. Додека со ова што ни се нуди сега се изменува и службениот карактер на употребата на јазикот.

Уште еднаш ќе повторам дека тенденцијата на предлагање на овој амандман е да се врати тоа што беше во првата фаза во овој закон и тоа што е во Законот кој што е актуелен, постоечки.

Јас знам дека претставникот на Владата инсистира преку овие измени, трошоците во текот на одвивањето на парничната постапка да бидат помали, меѓутоа, кога е во прашање Уставот или уставните норми, посебно кога е во пашање јазикот или употребата на службениот јазик на државно ниво, тука не треба да има толеранции и нема да има.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Повелете господине Алити имате збор.

**Рафис Алити:** Благодарам господине претседател,

Парламентарната група на ДУИ и јас бараме пауза од половина час.Значи 30 минутна пауза.

**Љупчо Јордановски:** Ќе кажете причина?

**Рафис Алити:** Секако дека имаме причини. Бидејќи не се прифати амандманот а е во однос со употребата на албанскиот јазик и ние треба да имаме внатре партиски консултации, бидејќи треба и понатаму да се произнесеме во однос на овој закон.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Објавувам пауза од половина час.

(По паузата седницата продолжи во 11,36 часот.

**Љупчо Јордановски:** Повелете господине Алити, баравте збор.

**Рафис Алити:** Благодарам господине претседателе, почитувани пратеници, почитувана госпоѓо министер.

Парламентарната група на ДУИ цени дека амандманот кој е предложен од нашата партија треба да се поддржи од страна на пратениците затоа што цениме дека овој амандман е во духот на Охридскиот рамковен договор и Уставот на Република Македонија.

Ние сме заинтересирани овој закон да се донесе затоа што е во духот на реформите на правниот систем. Сите сме свесни дека реформите на правниот систем се предуслов за интеграција на Република Македонија во евроатлантските структури.

Ние, исто така мислиме дека овој амандман треба да биде поддржан затоа што е од интерес на државата и во интерес на сите граѓани на Република Македонија.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Повелете господине Макрадули, процедурално.

**Јани Макрадули:** Почитуван претседателе, во име на пратеничката група на СДСМ, барам пола час пауза за дополнителни консултации.

**Љупчо Јордановски:** Објавувам пауза до 12,30 часот.

(По паузата седницата продолжи со работа во 12,33 часот).

Ги молам пратениците да седнат на своите места.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 50 пратеници, 48 гласале за, 2 против, нема воздржани.

Службите нека го утврдат бројот на присутните пратеници во салата.

За време на гласањето во салата беа присутни 65 пратеници.

Констатирам дека собранието го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 143 став 7, поднесен од пратениците Аднан Јашари, Рафис Алити и Недим Рамизи.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правда.

**Мери Младеновска:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Господине Рафис Алити имате збор.

**Рафис Алити:** Бидејќи се прифати првиот амандман, ние како предлагачи на вториот и третиот амандман, ги повлекуваме двата други амандани.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Амандманот на член 143 став 7 е повлечен и претпоставувам, од ова што го рековте и амандманот на член 143 за бришење на точка 8 е повлече.

Отворам претрес по амандманот на член 145, за менување на став 2, поднесен од пратениците Нелко Стојановски и Ристе Бислимовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правда.

Повелете госпоѓо Младеновска.

**Мери Младеновска:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Повелете господине Стојановски имате збор.

**Нелко Стојановски:** Јас мислам дека би требало да не поддржат колегите пратеници и да го поддржат овој амандман. Имено, се работи за следното, ако не го прочитале:

Во член 149 став 2 да се измени и да се обезбеди награда и за правниците кои работат во претпријатијата, кога како полномошници ги застапуваат нив, односно се бара надоместокот да биде како за другите полномошници.

Покрај ова образложение што е дадено со амандманот, имам и дополнителни. Ќе има шанса да се вработат повеќе правници. И што мене што е исто значајно е, постапките кога ќе ги водат самите полномошници од претпријатијата, ќе бидат заинтересирани да завршуваат побрзо,

а не како што ги водат адвокатите, да се развлекуваат во недоглед. Мислам дека има оправдување за прифаќање на овој амандман. Затоа барам поддршка од колегите, да го прифатат амандманот. Кога беше законот во прва верзија, тоа беше предвидено и стоеше во првата верзија. Сега е изменето и затоа мислам дека треба да се прифати овој амандман.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Бидејќи никој повеќе нема пријавено за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 55 пратеници, 18 глсале за амандманот, 4 воздржани и 33 против.

Во салата се присутни 65 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 149, за менување на став 2, поднесен од пратениците Нелко Стојановски и Ристе Бислимовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правда.

Повелете госпоѓо Младеновска.

**Мери Младеновска:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Повелете господине Стојановски.

**Нелко Стојановски:** Бидејќи претходниот амандман не се прифати, овој станува беспредметен. Затоа го повлекуваме.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е повлечен.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

Повелете господине Караџоски.

**Жарко Караџоски:** Почитуван претседателе ќе се јавам процедурално.

**Љупчо Јордановски:** Повелете имате три минути.

**Жарко Караџоски:** Од името на пратеничката група на ВМРО-Народна, барам пола час пауза, со оглед на тоа што сакаме да изградиме како да гласаме по овој закон, а вие знаете дека овој закон се носи со двотретинско мнизинство. После прифаќањето на одредени амандмани мораме да изградиме дополнителен став. Поради тоа барам пауза од половина час и ја поканувам министерката за правда да присуствува на таа координација за да најдеме заеднички јазик.

**Љупчо Јордановски:** Јас мислам дека е навистина упатно и министерката да присуствува на тој состанок, за да се дообјасниме.

Процедурално господине Макрадули.

Повелете.

**Јани Макрадули:** Немам ништо против тоа претседателе, но би ве замолил ако закате, бидејќи законот се носи до две третини од пратениците, да ги повикате и координаторите на пратеничките групи.

**Љупчо Јордановски:** Ми го земавте зборот. Сакав да завршам со тоа.

Во 13,10 часот има координација. Ги повикувам сите координатори во Охридската сала. Имате време од половина час за координација.

Значи во 13,10 координаторите, или замениците координатори или овластени во име на пратеничката група, во Охридската сала, да се договориме. После договорот со координаторите, продолжуваме со работа.

Продолжуваме со работа во 13,30 часот. До тогаш давам пауза.

(По паузата седницата продолжи во 13,38 часот)

**Љупчо Јордановски:** Ги молам пратениците да влезат во салата. Иако имаме 20-тина минути да ги искористиме ефективно, барем неколку расправи да поминеме, а и предлагачите да влезат во салата.

Уште еднаш ги молам пратениците да влезат во салата и претставникот на Владата.

Каде е претставникот на Владата, ве молам.

Значи ја отворив расправата.

Дали некој бара збор?

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот.

Бидејќи и на координација се договоривме, затоа што немаме над 80, значи немаме така да кажам исполнето физички услови за да се гласа овој закон, има член во Деловникот, сега помошникот секретар ќе го каже, можеме да направиме и преминување на следната точка.

Според тоа, преминуваме на следната точка.

**Минуваме на точката 11. - Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за внатрешни работи.**

Предлогот на законот ви е поделен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 59 пратеници, 59 пратеници гласале за, нема воздржан, нема против.

Молам службите да го утврдат бројот на присутни пратенци во салата.

Во салата се присутни 66 пратеници.

Констатирам дека Собранието го донесе законот.

**Минуваме на точката 12. - Предлог на закон за ученички стандард.**

Предлагач е Министерството за образование и наука во името на Владата на Република Македонија.

Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Согласно точка 2, од амандманот 10 на Уставот на Република Македонија, овој закон се донесува со мнозинство гласови од присутните пратеници, при што мора да има мнозинство гласови од присутните пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се во мнозинство во Република Македонија.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Законодавно-правната комисија поднесе амандмани на член 11 став 3; член 54 став 2; член 62 став 17; член 63 за менување на член 3; член 64 за менување на став 1; член 66 ставови 1 и 6; член 67 став 2; член 72 став 1; член 73 став 1; член 81 ставови 1, 2 и 4; член 84 став 2, член 85; член 86 став 1; член 87 и на член 90 ставгови 1 и 3, со кој се согласил претставникот на Владата и тие се составен дел на теткстот на Предлогот на законот.

Комисијата за образование наука и спорт поднесе амандман на член 11 став 1, алинеја 1, со кој се согласил претставникот на Владата и тој е составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Пратеникот Силвана Бонева поднесе амандмани за менување на насловот на законот; член 2 за менување на ставовите 1 и 2; член 5 за менување на став 1; за бришење на член 7; за бришење на член 8; за менување на член 12; за бришење на член 13; за менување на член 15; за менување на член 16; за менување на член 17; за бришење на член 19; член 23 за бришење на став 3; член 27 за менување на став 1; за менување на член 40; за бришење на глава 8; член 60 за додавање две нови алинеи 5 и 6 по алилнејата 4; член 62 став 2 и за додавање нов став 3 по ставот 2; на насловот на Глава 11, и на член 90 став 2 и за бришење на ставовите 3 и 4 по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Иван Анастасовски поднесе амандман на член 58 став 2; по кој Владата не се произнела.

Господине Караџоски, барате збор процедурално.

Повелете господине Караџоски.

**Жарко Караџоски:** Господине претседателе, очигледно немате трпение или незнам зошто брзате надвор од она што се договаравме на координацијата. Вие немате ни 30 секунди време, координаторот да ни соопшти што се договоривте на заедничката средба и вие го користите тој вакуум да поминете две точки од дневен ред, додека ние слушавме што сте се договориле за битна точка како што е Законот за парнична постапка. Сега навистина е некоректен однос, тука имавме и дискусии и расправи по Законот за внатрешни работи. Ако ви беше целта, тоа требаше да се разговара и на координација.

Јас имам овластување и ќе ви го соопштам следниот став.

Никогаш повеќе ВМРО Народна партија нема да учествува на ниту една координација со вас како претседател, ниту со било која друга политичка партија, па мислете како ќе ги носите сите други закони со двотретинско мнозинство, и уставните измени и се друго. Затоа што ова е честа пракса која вие ја ја правите и навистина сме изнервирани, не знаеме како да продолжиме.

**Љупчо Јордановски:** Господине Караџоски сега можам да ви одговорам. Вие побаравте половина час координација така ли е.

(Реакција на пратеникот Караџоски со зборовите: "Треба ли некој да соопшти што сте се договориле")

Ве молам, вие зборувавте, јас не ве прекинав, дозволете сега јас да кажам. Тоа беше во 13,10 часот. Реков дека седницата ќе продолжи во 13,30 часот. Во 13,40 часот јас дојдов после координацијата. Минимум можев да видам овде пратеници, барем од опозицијата што беа тука точно во 13,30 часот. Јас 10 минути подоцна дојдов.

Она што ние се договоривме со координаторот можеше да ви се соопшти и овде, а не во додатното време. Можеби сте во право, но и јас исто така не сум згрешил, бидејќи 10 минути повеќе од договореното време кога почна седницата беше одложено, а ваш политички став е како понатаму ќе работите и ќе реагирате, јас воопшто не сум го прекршил Деловникот по договорот, дури имаше и 10 минути повеќе од закажаното време да се почне седницата.

Повелете господине Караџоски, процедурално.

**Жарко Караџоски:** Господине претседателе, ако на вас ви се побитни пет минути и не знам колку секунди, а од едни закони, од еден консензус и од едно двотретинско мнозинство, ако ви е тоа побитно, тогаш навистина велам не сметајте на нас во иднина. И немојте да ја префрлате ниту вие ниту другите пратенички групи утре вината на ВМРО Народна партија, односно на пратеничката група, до колку не гласа. Земете си вие таква одговорност и објаснете го ова што мене ми го објаснувате на Парламентарното мнозинство тука.

**Љупчо Јордановски:** Господине Караџоски, принципиелен сум и еднаков сум против сите. Точно, против сите, ако сакате да го употребам тој збор. Ако сакате да знаете, ви објаснија, на координација бев повеќе принципиелен кон опозицијата отколку кон позицијата. Затоа, ве молам почитувајте го времето, почитувајте го времето. Комоцијата што ја имаме сите овде заедно и со позицијата и опозицијата, времето во кое се наоѓаме не ја дозволува. Јас не дојдов во 13,30 часот и веднаш да почнам, туку после 10 минути.

(Реакција)

Тоа е ваш однос господине Караџоски. Одговорноста спрема државата исто така ја носите и вие како сите ние. Сега поминуваме на оваа точка.

Повелете господине Мавровски процедурално.

**Спиро Мавровски:** Господине претседателе, во текот на вчерашниот ден ја прекинавте седницата и покрај тоа што бевме четворица регуларно пријавени и кажавте дека тоа е ваше

право и правото го злоупотребивте. Денес поминувате Предлог на закон за внатрешни работи, кога се договараме со координаторот за нешто што треба да донесеме. Дали знаете каков закон донесовте. Не знаете? Донесовте нешто што е катастрофално и што апсолутно нема поминато ниту комисиски расправи, го донесовте директно на ова Собрание и сега имате грешка која уште утре амандмански - дали гоиспоѓата Ивановска или самиот министер - ќе треба да ја преправа. А вие не дозволувате да говориме, од 11,00 часот е почната седницата, имавте расправа 10 минути и сега немате време 5 минути да се договориме за нешто за кое треба да расправаме. Јас не знам која е вашата цел.

**Љупчо Јордановски:** Господине Мавровски. . .

**Спиро Мавровски:** Не, господине претседателе, дозволете, па после ќе ми кажете, затоа што ве слушаме цело време, премногу апсолутистички. Вие сте еден како претседател од нас сите што не избрале тука, вие го злоупотребувате тотално вашето право. Мислам дека вака повеќе Парламентот не може да работи. Ако сакате да расправаме за закони, ако сакате да дадеме наши сугестии, тогаш оставете не да говориме. Ако мислите на овој начин дека направивте нешто добро, јас ќе ве замолам само да го погледнете Законот за внатрешни работи кој што го донесовте без наше присуство. Значи тоа е катастрофална грешка направена во членот 4 од истиот закон, кажувате дека треба да биде на 1 јули во функција, а тука е доставен во Парламентот на 22.06.о.г. на маса на сите пратеници и вие сега без никаква расправа овој закон го поминавте. Зошто? Затоа што сте имале тука 60 пратеници. Па, господине претседателе, ние сме тука да расправаме, да укажеме за да добиеме добри законски решенија. Што добивте со ова вие? Ништо, само она што треба локалната самоуправа да почне да функционира нема никогаш вака да функционира, затоа што секој месец ги враќате назад со амандмански расправи. Ако ви е тоа целта тогаш кажете, а одговорноста е ваша, не на опозицијата и не на овие пратеници тука што стојат како заложници.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Господине Мавровски, благодарам што сметате дека сум толку моќен во оваа држава и во овој парламент. Затоа што јас ја отворив расправата, јас не го изгласав законот, го изгласаа законот - мојот еден глас го изгласа законот со другите пратеници што беа присутни овде. Не најдоа за потреба да дискутираат и јас поминав на гласање.

Ве молам, не барајте посебна привилегирана ситуација во тоа што сте опозиција или позиција, сите се еднакви. Точно се кажа времето кога ние почнавме, можевте барем, ако веќе ме знаете како работам, можевте барем тројца пратеници да оставите овде кои можеа да присуствуваат, како што се сллучуваше да оставате по еден за да го штеди времето, за да дојде следниот кандидат кој што ќе дискутира по два часа за да му го штеди времето. Според тоа, сите на некој начин го користиме во позитивна или негативна смисла, но јас деловнички комплетно работам.

(Пратеникот Мавровски бара дообјаснување)

Ве молам, немојте мене да ме обвинувате, бидејќи јас не го гласав законот, мој беше само еден глас.

Процедурално дообјаснување за господинот Мавровски.

**Спиро Мавровски:** Процедурално, затоа што вие кажавте 13,30 часот. Во 13,30 часот вие не бевте тука, координацијата беше продолжена. Ние бевме тука, вие задоцнивте 10 минути и по правилата за игра што вие ги носите седницата требаше да биде прекината. Ако веќе ги броиме десетте минути, седницата требаше да биде прекината. Вие влеговте после 13,40 часот и за 20 секунди го донесовте законот и ние сме виновни дека не сме биле тука, а координаторот го испртивте кај нас во 20 минути до 2,00 часот. И сега кој е виновен? Вие секако дека не сте виновен, тоа го знаеме.

**Љупчо Јордановски:** Господине Мавровски, тоа оди во ваша корист, бидејќи јас сум задоцнил, не сум дошол точно на време, за да навреме ја завршиме работата.

Оваа расправа веќе ја прекинувам и продолжуваме по точката. Нема што повеќе да се дообјаснуваме, затоа што си кажавме едни на други се што мислиме, а опозицијата може да си гради свој политички став како смета кон сите закони, позицијата исто така. Јас ќе одам по она што е сега на дневен ред.

Отворам претрес по амандманот за менување на насловот на законот, поднесен од пратеникот Силвана Бонева.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за образование.

Повелете господине Положани.

(Реакција на пратеникот Ѓорѓи Оровчанец)

Пред тоа, процедурално, бара збор господинот Оровчанец. Ако не е процедурално, тогаш ќе ве прекинам.

Се извинувам господине Положани, но процедурално има збор господинот Ѓорѓи Оровчанец.

**Ѓорѓи Оровчанец:** Господине претседателе, од една ситуација која што сакавме да ја направиме ситуација во која ќе може да се извлече нешто што би било добро, затоа што за тоа молеше и министерката за правда, затоа што ние ценевме одредени работи кои биле направени, затоа што ценевме дека државата треба да влезе во тој реформски став, вие од формата комплетно ја изгубивте суштината на работите, од закон кој е неопходен и потребен вие преминавте на механизми од 5 секунди, 10 секунди, нокаут, 10 минути плус минус и ја изгубивме суштината на она што треба да биде Парламентот и одлуките во Парламентот. Овој Парламент не е место за трка на 100 метри за 10 секунди, ова е место каде што треба да се донесат законски решенија.

Мислам дека вие губите од вид работи кои се битни, а не она што треба да го спроведувате. Деловникот ви дава право, меѓутоа, за ова време додека сте претседател на Собранието стекнавте увид во некои работи дека може да се пролонгира, може да се сфати, може да се наметне за да произлезе од тоа нешто. И сега на сето тоа се вадите со една работа која ама воопшто не држи. Формата од пет минути или 10 минути или не знам колку секунди ама воопшто не е битно во однос на она што како грешка го правите и ве молам, не продолжувајте со оваа пракса.

**Љупчо Јордановски:** Тоа е ваше мислење.

Јас ги молам службите да го извадат стенограмот и да видат колку пати јас сум ги повикал.

(Реакција)

Ве молам, овде никој никого не треба да моли и мислам дека тоа така треба да биде.

Повелете господине Жерновски, процедурално.

**Андреј Жерновски:** Почитуван претседателе, во име на Пратеничката група на ЛДП ве молам за пауза од 15 минути, која всушност и ќе се поврзе со редовната пауза.

**Љупчо Јордановски:** Добро, продолжуваме во 15,00 часот.

(Пауза од 13,55 часот)

(По паузата седницата продолжи во 15,08 часот)

**Љупчо Јордановски:** Ги молам пратениците да влезат во салата.

Продолжуваме со дневниот ред.

Отворм претрес по амандманот за менување на насловот на законот, поднесен од пратеникот Силвана Бонева.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за образование господинот Положани.

**Азиз Положани:** Не се прифаќа амандманот.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Госпоѓо Бонева, повелете.

**Силвана Бонева:** Насловот на законот со овој амандман, предлагам да гласи: закон за ученички домови, бидејќи ова што се предлага од страна на Министерството за образование, не е закон за ученички стандард, туку изричито закон за ученички домови. Имено, со овој закон се регулира организацијата на ученичките домови. Одредбите кои што се однесуват на ученичкиот стандард не соодвтствуваат ниту со онаа кратенка и недоволна дефиниција што е дадена за ученичкиот стандард во самиот закон. Ако се погледне образовниот систем на само две земји од Европската унија, Словенија и Франција, може да се види една подолга листа на елементи од ученичкиот стандард за кои што постојат соодветни регулации.

На пример обезбедување учебници за ученици од семејства со понизок материјален статус, обезбедување на кредити за семејства кои имаат финансиски пробелми за поднесување на училишните трошоци на своите деца.

Понатаму определување на условите под кои се основаат социјални фондови во училиштата наменети за помош на учениците од семејства со низок материјален статус.

Обезбедување на вклучување во незадолжителни училишни активности кои претпоставуваат ученичко кофинансирање на учениците кои не се во можност да ги платат таквите придонеси.

Основни критериуми за доделување на стипендии од државниот буџет, критериуми за доделување стипендии на надарени ученици од други фондации, обезбедување на функционирање на службите кои имаат за цел да го обезбедат дополнителното образование на учениците, библиотека, дадотека, фотокопир и слично.

Да не должам многу понатаму има и начин на финансирање на проекти кои на учениците им овозможуваат пристап до културните добра. Значи, многу нешта кои треба да бидат содржани во законот за ученички стандард, меѓутоа, во овој закон навистина отсуствуваат одредби кои ќе зборуваат за ученичкиот стандард и кои ќе го помагаат ученичкиот стандард.

Токму заради тоа предлагам законот да биде насловен како закон за ученички домови. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Ги повикувам пратениците да влезат во салата.

Службите нека го утврдат бројот на присутните, ве молам.

(Службите ги пребројуваат пратениците).

Во салата има 46 пратеника.

(Некој од пратениците кажа дека се на координација).

Кој е на координација?

Денеска имам драматично искуство со координацииве. Ќе почнам да ги сонувам, право да ви кажам.

Видете, ние многу рекорди оборивме за овој мандат, изгледа и по паузи ќе обориме рекорд денеска.

Бев известен од координаторот на ЛДП дека тие до 15,20 часот имаат координација, јас тоа го прифатив, еве ќе чекаме до 15,20 часот, а во меѓувреме другите пратенички групи можат да направат 61 пратеник.

(Пратениците бараат пауза).

Ако дадам пауза тешко ќе ве соберам.

Заради ПИЈАР давам пауза до 15,30 часот.

(По паузата седницата продолжи со работа во 15,32 часот).

Ги молам пратениците да влезат во салата, продолжуваме со работа, се надевам дека координациите дефинитивно завршија.

Ги молам пратениците да се појават во салата ако имаат желба.

Да ги известам координаторите 10-те минути да се собере кворум, течат.

Службите нека го утврдат бројот на присутните, ве молам.

(Службите ги пребројуваат пратениците).

Во салата има 55 пратеника.

(Некаде околу 15,39 часот имаше кворум).

Благодарам, сега се присутни 61 пратеник.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 57 пратеника, 7 за амандманот, 1 воздржан, 49 против.

Во салата беа присутни 61 пратеник.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 2 за менување на ставовите 1 и 2, поднесен од пратеникот Силвана Бонева.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за образование и наука господинот Положани.

**Азиз Положани:** Амандманот не се прифаќа и поради тоа што е поврзан со првиот.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Госпоѓо Бонева имате збор.

**Силвана Бонева:** Благодрам почитуван претседателе, овој амандман значи целосна промена на ставот 1 и ставот 2 од предложениот закон.

Во ставот 1 и 2 од член 2 се зборува дека ученичкиот стандард се остварува во јавни установи за ученички стандард кои се организираат како јавен ученички дом.

Дека установите за училишен стандард се основаат за остварување на интересите и потребите за престој на учениците кои учат надвор од местото на живеење.

Изедначувањето на ученичките домови со ученичкиот стандард навистина претставува целосна дезинформација која ќе има катастрофални последици по стандардот на учениците затоа што го остава без било каква регулација ученичкиот стандард за кого државата навистина треба да води сериозна грижа.

Заради тоа, предлагам да се промени ставот 1 и ставот 2 од членот 2 и дефиницијата да гласи:

Ученичките домови се организираат како јавен ученички дом, општински односно ученички дом на град Скопје и државен дом и приватен дом.

Ученичките домови се основаат за остварување на интереси и потреби за престој на учениците кои учат надвор од местото на живеење.

Тоа е образложението за промената на ставот 1 и ставот 2 од членот 2. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 61 пратеник, 9 за амандманот, нема воздржан, 52 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 5 за менување на став 1, поднесен од пратеникот Силвана Бонева.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор минситерот за образование и наука господинот Положани.

**Азиз Положани:** Амандманот не се прифаќа, молам кратко објаснување оти се работи за воведување на верската наука во институциите на образованието. Мислам дека тоа ќе го решиме во склоп на целосниот пристап кон овој проблем по анализите во Министерството.

**Љупчо Јордановски:** Повелете госпоѓо Бонева имате збор.

**Силвана Бонева:** Онака како што е дефиниран членот 5 во ставот 1 се кажува дека во ученичкиот дом е забрането верско образование

како и политичко и верско организирање и дејствување.

Образованието, вклучително и верското образование е едно од универзалните човекови права и тоа не смее ниту да се забранува ниту да се изедначува со верското организирање и политичкото организирање како што е нарпавен во ставот чие менување предлагам да се нарпави и заради тоа предлагам во членот 5 став 1 да гласи:

Во ученичкиот дом е забрането верско и политичко организирање и дејствување.

Тоа е промената што се бара со амандманот.

**Љупчо Јордановски:** Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 62 пратеника, 10 за амандманот, 4 воздржани, 48 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 7, поднесен од пратеникот Силвана Бонева.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор минситерот за образование и наука господинот Положани.

Повелете господине минситре.

**Азиз Положани:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Повелете госпоѓо Бонева, имате збор.

**Силвана Бонева:** Членот 7 зборува за тоа дека Владата на Република Македонија, во согласност со развојните документи, го планира и утврдува развојот на ученичкиот стандард. Сметам дека овој член треба да се избрише, бидејки овде не му е местото, туку во местото на еден сосема нов закон за ученички стандард во кој што јасно ќе биде кажано што е ученички стандард и да бидат исполнети сите критериуми што треба да ги има еден закон за ученички стандард, а не под името на закон за ученички домови, да зборуваме за ученички стандард. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 61 пратеник, 9 за амандманот, 1 воздржан, 51 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 8, поднесен од пратеникот Силвана Бонева.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор минситерот за образование и наука господинот Положани.

**Азиз Положани:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски**: Амандманот не е прифатен.

Повелете госпоѓо Бонева.

**Силвана Бонева:** Образложението е апсолутно исто, како и за претходните членови и мислам нема што повеќе да објаснувам, бидејќи не е сватен од страна на министерот и Министерството за потребата од преименување и дополнување, барем со одредбите од областа на ученичкиот стандард во овој закон.

**Љупчо Јордановски**: Бидејќи немаме повеќе пријавени за збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставма на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 59 пратеника, 8 гласале за, нема воздржан, 51 против, а во салата се присутни 62 пратеника.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот за менување на член 12, поднесен од пратеникот Силвана Бонева.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор минситерот за образование и наука господинот Положани.

**Азиз Положани:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски**: Амандманот не е прифатен.

Повелете госпоѓо Бонева.

**Силвана Бонева**: Мислев дека барем овој амандман ќе биде прифатен од страна на господинот министер, бидејќи секој ден устата ни е полна со потребата од децентрализација дури и во образованието, меѓутоа, овде во членот 12 се зборува за тоа кој го дава одобрението за основање на приватен ученички дом и дека приватен ученички дом може да основа домашно или странско правно лице и физичко лице врз основа на одобрение кое го дава пак Министерството. Наместо овде да направиме децентрализација и тоа да биде Советот на општината и градоначалникот, повторно ингеренциите се задржуваат во рацете на централната власт, а од друга страна Просветниот инспекторат не е тело кое врши акредитација, туку е орган на Министерството за образование и наука надлежен за унапредување на квалитетот на образованието.

Од тие причини предлагам одобрението во членот 12 ставот 1 да се промени и одобрението од членот 10 став 6 да го даде Советот на општината по претходно прибавено мислење од Службата за образование при општината се во функција на децентрализацијата која ја заговараме. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** И јас благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 62 пратеника од кои 10 за, нема воздржан, 52 пратеника против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 13, поднесен од пратеникот Силвана Бонева.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор минситерот за образование и наука господинот Положани.

**Азиз Положани:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски**: Амандманот не е прифатен.

Повелете госпоѓо Бонева.

**Силвана Бонева:** Благодарам претседателе.

Предлагам да се избрише членот 13, бидејќи овој член е непотребен, проблематиката што ја регулира е веќе регулирана во членот 11 каде се изедначени условите за основање на општински односно државни и приватни ученички домови.

Не може да поставувам посебни услови за приватните училишни домови и посебно тоа да го дефинираме, бидејќи во услови за основање на ученички дом јасно е кажано кои се услови треба да ги исполнува некој за да отвори училишен дом. Дали ќе биде приватен, дали ќе биде општински или државен, треба да се почитува одредбата на членот 11 кој таксативно набројува се, а преповтарање е членот 13.

Заради тоа барам да биде избришан членот 13.

**Љупчо Јордановски**: Благодарам.

Бидејќи немаме повеќе пријавени за збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 60 пратеника од кои 9 за, нема воздржан, 51 против.

Од време на време да проверуваме колку пратеника има во салата во време на гласањето.

Службите нека изборјат колку биле во време на гласањето.

(Службите ги пребројуваат пратениците)

Во време на гласањето беа присутни 63 пратеника.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот за менување на член 15, поднесен од пратеникот Силвана Бонева.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор Азиз Положани.

**Азиз Положани:** Амандманот не се прифаќа, заради тоа што е поврзан со претходниот амандман.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Има збор госпоѓа Силвана Бонева.

**Силвана Бонева:** Бидејќи децентрализацијата значи пренесување на ингеренциите и одговорностите од централно на локално ниво, го предлагам членот 15 кој што треба да гласи: општинскиот ученички дом почнува да работи на основа на решение за верификација донесено од Советот на општината, односно Советот на Град Скопје, а Државниот ученички дом на основа на решение на Министерството. Начинот на верификацијата како и начинот на водење на регистар на ученичките домови е единствен за целата територија на Република Македонија и е регулиран со подзаконски акт на Министерството за образование. Министерството води централен регистар на ученичките домови основани на територијата на Република Македонија. Значи, неопходно е потребно изедначување на условите за основање што се постигнува преку подредување на постапките под исти прописи, за чие донесување е надлежно ресорното Министерство.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Во салата се присутни 63 пратеници, 57 гласале, 9 за, нема воздржан, 48 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за менување на член 15, поднесен од пратеникот Силвана Бонева.

Отворам претрес по амандманот за менување на член 16, поднесен од пратеникот Силвана Бонева.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор Азис Положани.

**Азис Положани:** Амандманот не се прифаќа. Таа материја е уредена со членот 19.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Има збор госпоѓа Силвана Бонева.

**Силвана Бонева:** Неопходно е потребно преформулирање на членот 16 и внатре да биде кажано, доколку просветниот инспекторат во рамките на својата редовна контрола на образовните установи констатира неправилности во работењето на ученичкиот дом за тоа да го извести основачот кој превзема соодветни мерки, а не како што е кажано овде: Министерството може да го одзема одобрението по предлог на Државниот просветен инспекторат. Значи, повторно имаме централизирање, наместо децентрализирање на образованието, па во тој смисол и работата на ученичките домови и инспекцијата внатре во нив. Токму заради тоа предлагам да биде променет членот 16.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Во салата се присутни 63 пратеници, 57 гласале, 6 за, нема воздржан, 51 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за менување на член 16, поднесен од пратеникот Силвана Бонева.

Отворам претрес по амандманот за менување на член 17, поднесен од пратеникот Силвана Бонева.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор Азиз Попожани.

**Азиз Положани:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Има збор госпоѓа Силвана Бонева.

**Силвана Бонева:** Членот 17 е член со многу специфичен текст, во држава која ја стимулира приватизацијата, односно треба да ја стимулира приватизацијата, не можат да постојат посебни прописи за јавните, а посебни прописи за приватните установи. Членот 17 барам да биде променет. Санкционирано е постапувањето само на приватните ученички домови кои престанале

да работат по основ на одземање на одобрението за работа. Токму заради тоа предлагам членот 17 да се промени и да се каже дека на ученичкиот дом кој не постапил според укажувањата на Државниот просветен инспекторат во определениот рок му се одзема одобрението за работа, а основачот е должен да им обезбеди сместување и храна на учениците до крајот на учебната година. Тоа е промената и се надевам дека колегите ќе разберат дека неопходно е потребно да не правиме делби и на приватните и на установите кои што ги основа државата, или општината, туку условите треба да бидат исти и за едните и за другите.

**Љупчо Јордановски:** Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 58 пратеници, 9 за, 2 воздржани , 47 пратеници против.

Во салата се присутни 63 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за менување на член 17, поднесен од пратеникот Силвана Бонева.

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 19, поднесен од пратеникот Силвана Бонева.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор Азиз Положани.

**Азиз Положани:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Има збор госпоѓа Силвана Бонева.

**Силвана Бонева:** Повторно ќе нагласам само дека воопшто не се потребни утврдувања на посебни услови за престанок на ученичките домови за приватните, за јавните и за државните ученички домови, туку со еден член треба да се дадат едни исти услови и за престанок и за нивно основање.

**Љупчо Јордановски:** Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 61 пратеник, 9 за, 1 воздржан, 51 против амандманот.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за бришење на член 19, поднесен од пратеникот Силвана Бонева.

Отворам претрес по амандманот на член 23 за бришење на став 3, поднесен од пратеникот Силвана Бонева.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор Азиз Положани.

**Азиз Положани:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Во салата се присутни 62 пратеника, 57 гласале, 6 за, нема воздржани, 51 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 23 за бришење на став 3, поднесен од пратеникот Силвана Бонева.

Отворам претрес по амандманот на член 27 за менување на став 1, поднесен од пратеникот Силвана Бонева.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор Азиз Положани.

**Азиз Положани:** Амандманот не се прифаќа. Ако може едно објаснување. Значи, на ниво на Министерството на некој начин само се прибираат информациите и предлозите од општините и на нивен предлог се отвора конкурс заради посоодветна реализација на целиот процес кој што на некој начин не ќе се разликува од тоа што и сега го имаат и е во функција на една стабилна политика и понатаму во склоп на можностите на државата.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Има збор госпоѓа Силвана Бонева.

**Силвана Бонева:** Почитуван претседателе, нема да ги образлагам другите амандмани, навистина гледам дека е безпредметно тоа што се трудам да укажам дека децентрализацијата значи пренесување на ингеренциите и одговорностите од централно на локално ниво и за тоа дека е потребно сосема нов закон усогласен со стандардите на Европската унија и со потребите на ученичкиот стандард. И заради тоа нема да ги образлагам другите амандмани.

**Љупчо Јордановски:** Но, ќе ги поминеме, нема да ги повлечете.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 61 пратеник, 7 за амандманот, нема воздржани, 54 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 27 за менување на став 1, поднесен од пратеникот Силвана Бонева.

Отворам претрес по амандманот за менување на член 40, поднесен од пратеникот Силвана Бонева.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор Азиз Положани.

**Азиз Положани:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 58 пратеници, 9 за, 1 воздржан, 48 против.

Во салата се присутни 63 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за менување на член 40, поднесен од пратеникот Силвана Бонева.

Отворам претрес по амандманот за бришење на Глава 8 и на членовите 53, 54, 55, 56 и 57, поднесен од пратеникот Силвана Бонева.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор Азиз Положани.

**Азиз Положани:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 57 пратеници, 8 за, нема воздржан 49 против.

Во салата се присутни 66 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за бришење на Глава 8 и на членовите 53, 54, 55, 56 и 57 поднесен од пратеникот Силвана Бонева.

Отворам претрес по амандманот на член 58 став 2, поднесен од пратеникот Иван Анастасовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор Азиз Положани.

**Азиз Положани:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Има збор господинот Анастасовски.

**Иван Анастасовски:** Од она што е образложените на законот не би сакал нешто повеќе да додадам. Тоа можат колегите да го видат, пред нив е амандманот да го прочитаат и да се одлучат како да гласаат.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 55 пратеници, 15 за, 4 воздржани, 36 против.

Во салата се присутни 66 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 58 став 2, поднесен од пратеникот Иван Анастасовски.

Отворам претрес по амандманот на член 60 за додавање две нови алинеи 5 и 6 по алинејата 4, поднесен од пратеникот Силвана Бонева.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор Азиз Положани.

**Азиз Положани:** Само едно објаснување. Значи, во целост проблематично е амандманот да се прифати, иако првиот дел, значи првиот пасус за нас е прифатлив, а вториот е, избира координатор за внатрешна еволуација, има проблем, затоа што ние, прв еволуатор во домовите и во училиштата ги сметаме директорите. И за друг координатор за еволуација тешко е да се размислува. Значи, така е конципиран целиот процес. А за првото не би имале ништо против да биде и така. Но, не знам дали може деловнички делумно да се прифати амандманот, или не?

**Љупчо Јордановски:** Не може. Амандманот може да се прифати таков каков што е. Затоа изјаснете се, дали го прифаќате, или не?

**Азиз Положани:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 57 пратеници, 2 за амандмнот, 4 воздржани, 51 против.

Во салата се присутни 66 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 60 за додавање две нови алинеи 5 и 6 по алинејата 4, поднесен од пратеникот Силвана Бонева.

Отворам претрес по амандманот на член 62 став 2 и за додавање нов став 3 по ставот 2, поднесен од пратеникот Силвана Бонева.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор Азиз Положани:

**Азиз Положани:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 61 пратеник, 9 за, нема воздржан, 52 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 62 став 2 и за додавање нов

став 3 по ставот 2, поднесен од пратеникот Силвана Бонева.

Отворам претрес по амандманот на насловот на Глава 11, поднесен од пратеникот Силвана Бонева.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор Азиз Положани:

**Азиз Положани:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 57 пратеници, 5 за, нема воздржани, 52 против.

Во салата се присутни 63 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на насловот на Глава 11, поднесен од пратеникот Силвана Бонева.

Отворам претрес по амандманот на член 90 став 1, став 2 и за бришење на ставовите 3 и 4, поднесен од пратеникот Силвана Бонева.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор Азиз Положани:

**Азиз Положани:** Со сета почит и овој амандман не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Тоа многу и ја олесни работата на госпоѓа Бонева "со сета почит".

Дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 57 пратеници, 7 за, нема воздржан, 50 против.

Во салата се присутни 63 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 90 став 1, став 2 и за бришење на ставовите 3 и 4, поднесен од пратеникот Силвана Бонева.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор ? (Никој).

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот.

Ве потсетувам дека, согласно точка 2 од Амандманот 10 на Уставот на Република Македонија, овој закон се донесува со мнозинство гласови од присутните пратеници, при што мора да има мнозинство гласови од присутните пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 56 пратеници, 54 за, нема воздржан, 2 против.

Ги молам службите да го утврдат бројот на присутни пратеници во салата.

Во салата во моментот на гласањето беа присутни 61 пратеник.

Ги молам пратениците кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија да се произнесат по предлогот на законот со кревање на рака.

Кој е за предлогот на законот, молам да крене рака?

(Припадниците на заедниците кои не се мнозинство се произнесуваат со кревање рака)

Кој е против, молам да крене рака?

(никој не се јавува против)

Дали има некој воздржан?

(никој не се јавува)

На седницата присуствуваат 16 пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија. Двајца видов дека ниту гласаа за, ниту против, ниту воздржани, па затоа констатирам 16 пратеници. Од нив, за предлогот на законот гласаа 14 пратеници, нема против, нема воздржани.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ученички стандард.

**Минуваме на точката 13-Предлог за донесување на закон за просветна инспекција, со Предлог на закон**

Предлогот за донесување на закон, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Ве молам, кој бара збор?

Бидејќи нема пријавени за збор . . .

(во меѓувреме за збор се пријавува пратеникот Силвана Бонева)

Госпоѓо Бонева, дали истата игра ќе ја играме нон стоп.

Гледате, јас реков кој бара збор и причекав доволно време да се уклучите.

Па пет, 10, тоа реагира за секунда.

Но еве, повелете, имате збор.

Во иднина нема тоа да го толерирам. Кога ќе речам кој бара збор, доволно што сум го кажал, да се пријавите.

Повелете госпоѓо Бонева имате збор.

**Силвана Бонева:** Господине претседателе сосема навреме се пријавив.

Новопредложениот закон за просветна инспекција, по својот дизајн и терминологија наликува на документ што е произлезен од некоја општествена реалност што постоела најмалку пред две или три децении, ако се исклучи

единствениот новитет-овластен инспектор на општината. Покрај насоките за примарноста на надзорот, казните и овластувањата на инспекторите, новиот закон нуди еднонасочна достапност за јавноста на извештаите што Инспекторатот ги подготвува за работата на пооделни образовни институции, а истовремено самата работа на Инспекторатот се заштитува со одредби за државна или воена тајна. Сето тоа создава еден впечаток дека станува збор за закон од одбраната или полицијата, а не закон што насочува кон Европско образование што се карактеризира со тотална транспарентност.

Доколку предложената верзија на законот се спореди со било кој закон за просветна инспекција на земјите од ЕУ, во прв поглед е воочлива разликата на концептите. Додека во европските закони се истакнува промоција на унапредување на стандардите, на квалитетот и постигањата во образованието преку независна еволуација, ние добиваме закон што ги истакнува областите на надзор и надлежностите на Државната просветна инспекција што поседува само казнени механизми.

Ако во демократските и индустријализираните земји образовниот инспекторат е тој што го подпомага развојното функционирање на образованието, како отворен социјален систем, тогаш станува симптоматична намената на Македонскиот нов инспекторат.

Во услови на трансфер на ингеренциите од централно на локално ниво, неговата првенствена намена може да се толкува како обезбедување доминација на интересите, повторно, на централната власт, како што видовме пред малку со Законот за ученичкиот стандард.

Каква и да е вистинската намена на ваквиот нов инспекторат, таа не е во насока на потпомагање на општествениот развој преку образованието и во основа е многу поблиску до потпомагање на централната власт за манипулирање со условите во кои што ќе се одвива децентрализацијата на образованието.

Од тие причини, пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ нема да го подржи овој закон и во моментов веќе имаме поднесено во процедура нов закон за просветна инспекција што, се надевам, ќе му се посвети малку повеќе внимание одколку до сега на предлозите од страна на пратениците.

Благодарам.

(во отсуство на претседателот со седницата продолжи да раководи потпретседателот на Собранието на Република Македонија господин Слободан Најдовски)

**Слободан Најдовски:** Благодарам госпоѓо Бонева.

Има збор пратеникот Прешоски Коста.

Повелете господине Прешоски.

**Коста Прешоски:** Благодарам потпретседателе.

Почитуван министре, колеги пратеници,

Со внимание го разгледав Предлогот за донесување на закон за просветна инспекција од гледна точка на потребата за донесување на законот, начелата врз кои треба да се засновува законот, основните односи што се уредуваат со законот и начинот на кој што се предлага нивното уредување.

Овој закон, навистина дава основа за квалитетна расправа, а со цел за негово подобрување. Со тоа ќе се подобри целокупниот амбиент и ов оваа сфера, како дел од системот во воспитанието и образованието.

Причините за донесување на овон нов закон се добро познати, бидејќи се однесуваат на скоро сите закни од сферата на образованието што ги донесовме, односно една од причините е, потребата произлегува од страна на потпишување на Рамковниот договор и донесувањето на амандманите на Уставот на Република Македонија.

Втората причина е поради соодветното усогласување на Законот за просветна инспекција со Законот за локална самоуправа и процесот на децентализација на образованието што е во тек.

Потоа, усогласување на одредбите од овој закон со Законот за основно и средно образование и следење и контрола на остварување на законите во сферата на образованието и воспитанието.

Посебно што треба да се истакне тоа е системска контрола на квалитетот во предучилишното, основното и средното образование, како и контрола и надзор над пројавените дејанија во образовната сфера што во последно време ја брануваат нашата јавност, како: педофилството, корумпираноста на вработените и тн.

Почитувани пратеници,

Со основните одредби на законот се регулираат прашања во дејноста на просветната инспекција, тоест што опфаќаат надзор и каде се се врши. Треба да се напомене дека во високообразовните и научните установи инспекцискиот надзор се врши само врз примената на законите со кои се уредува оваа сфера. Истото важи и за ученичките и студентските домови.

Во точката 3 - надлежност на државниот просветен инспекторат, членот 8 е всушност членот 2, со тоа што наместо просветен инспекциски надзор стои "државен спросветен инспектор". А, останатиот текст е сосема ист.

Мислам дека нема потреба од повторување, од непотребно оптоварување на текстот на законот со одредби што суштински ништо не менуваат.

Од друга страна, ссекогаш зборуваме дека треба да се носат едноставни и лесно применливи закони, ослободени од дуализми. Предлагам да се изнајде текст со кој што овие членови ќе се преточат во единствен текст, т.е. член на законот со кој што би биле опфатени надзорот на просветната инспекција и на државниот просветен инспекторат.

Во членот 9, точка 5 се наброени надлежностие на државниот просветен иснпекторат. Предлагам да се надополни со нова точка што би гласела:

"Вршни надзор, покрај другото и над употребата на одобрените учебници и прирачници, односно помошна литература во основното и средното образование".

Со членот 10 се регулирани надлежностите на овластените просветни инспектори на општините и Градот Скопје. Предлагам овој член да се надополни со нова точка, која што би гласела:

"Врши надзор над оценувањето, унапредувањето, примената на педагошките мерки и полагањето на испити".

Во членот 15 став 1 и 2 стои дека директорот на Државниот просветен иснпекторат, односно градоначлаником на општината, односно Градот Скопје, донесува Годишна програма за работата на Државниот просветен инспекторат, односно на овалстениот просветен инспектор и го организира нејзиното спроведување. Предлагам со посебна одредба да се уреди дека со Годишната програма Државниот просветен иснпекторат и овластените инспектори на општината се должни најмалку еднаш годишно да извршуваат иснспекциски надзор во сите воспитно образовни установи.

Би се задржал накратко на вршењето и начинот и потсптапката за вршењето на инспекцискиот назор преку интегралната еваулација на воспитно образовните установи, посебно на утврдените рокови во смисла : Доставивање барање, односно стандардизиран прашалник од страна на инспекторот до воспитно образовната установа, високо образовната и научната установа.

Член 14 и член 25 став 3, доставување на пополнетиот прашалник од директорот на установата до инспекторот, член 25 став 4. Реализирање на инспекцискиот надзор, член 25 став 5, и конечното усвојување на извештајот на Државниот просветен инспекторат член 26

Мислам дека дадените термини се многу развлечени, повеќе од 45 дена, а со тоа и контролата нема да даде никаква слика за квалитетот на образовниот процес во училиштето односно образовната институција и на извршителите, а се мисли на директорот и на наставниците.

Многу работи во институциите во меѓувреме ќе бидат нашминкани и дотерани, а со тоа ние ќе имаме искривена слика за квлитетот на образвониот процес.

Посебно ги подржувам одредбите од член 30 каде што просветниот инспектор предлага мерка отстранување на вработен од работно место, ако врз основа на факти се утврди дека постои основано сомнение дека наставник, директор или други вработени во воспитнообразовниот процес сториле повреда со тоа што, покрај другото што е тука наведено, стои: наведуваат кон сексуална злоупотреба и сексуално злоупотребуваат ученик, студент или вработен.

Предлагам овој член да се надополни со посебна точка, со која што би се регулирала мерката одстранување на вработен од работно место ако врз основа на факти, при вршењето на надзорот се утврди дека постои основано сомнение дека наставник или други вработени во воспитнообразовниот процес сториле повреда со тоа што вршат корупттивни активности.

На крајот, да завршам потребата од донесување на ваков закон е повеќе од очигледна. Поради тоа ќе го подржам неговото донесување.

Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Прешоски.

Има збор пратеникот Мавровски Спиро.

Повелете господине Мавровски.

**Спиро Мавровски:** Благодарам господине потпретседателе.

Во однос на овој закон јас ќе се произнесам по текстот на законот и она што читајќи го законот апсолутно не ми е јасно како можело во ваква форма да дојде пред нас пратениците со толку грешки. Можеби министерот недоволно го проверил, но во секој случај со моите забелешки, се надевам дека дел од нив министерот ќе прифати и ќе има промена од ова што значи посебно од она што е поставеност како закони што ги имаат основните проблеми за што проговорија и колегите пред мене.

Би почнал со членот 4 и ставот 2, поблиска оргазициона поставеност на Државниот просветен инспекторат ќе се уреди со посебен акт за организација на Министерството. Тука почнува и завршува се. Апсолутно некој не може да каже во моментов како Државниот просветен инспекторат ќе фунционира, за тоа ќе треба да има дополнителен акт, кој дополнителен акт во наредните 6 месеци, како што беше и со претходниот Закон каде што министерот си зема преголеми ингеренции и овластувања, што не значи дека сегашното гледање или читање на министерот ќе биде и утре, следниот министер ќе ги има неговите размислувања, неговите видувања во просветата, така што можат да се случат премногу промени што ќе донесат овој закон повторно да го гледаме сите заедно.

Во членот 5, многу нелогично, ставот 1, не знам што мислел министерот. Можеби ќе ни објасни, "Државниот просветен инспекторат го раководи директор кој на предлог на министерот за образование и наука го иманува Владата на Република Македонија". До сега е во ред. "Во отсуство на директорот, го заменува раководен државен службеник кој врши инспекциски надзор што тој ќе го определи". Тука е апсолутно нејасно што со ова се сака да се каже, со вториот дел од ставот 1. Можеби на министерот е појасно или во преводот на овој дел има голем проблем што остана нејасен за нас, пратениците. Барем за мене лично.

Во членот 9, став 13, "Следење на воспитнообразовниот процес за време на штрајк во предучилишното, основното и средното образование". Не знам каде е организиран, како е дефиниран штрајкот во предучилишно, основно и средно образование, дали е тоа со колективен

договор, дали со овој закон или со некој друг закон, врз основа на што ќе се врши следење на воспитнообразовниот процес за време на штрајк во предучилишното, основното и средно образование. Апсолутно овој дел треба да отпадне.

Понатаму "Контрола над средствата стекнати од сопствени извори во установите за средно образование основани од државата". Ние имаме просветен инспекторат или имаме финансиски инспекторат кој треба да се занимава со финансиски средства што овие училишта, понатаму како што кажавте и самите, наместо директори треба да бидат менаџери кои ќе треба да донесуваат средства, ќе треба да носат некоја финансиска програма што просветните инспектори апсолутно не ги гледам тука и апсолутно не ќе можат да ја извршат констролата на овие средства. Значи мешање на ингеренциите во еден дел од законот, каде што мислам дека не им е местото.

Во членот 10, Глава 4 "За овластени просветни инспектори на општината и на Градот Скопје", имаме во ставот 4 "Опфатот на учениците согласно реонизацијата на основните училишта". Е сега, во Законот за децентрализација и локална самоуправа донесовме нешто што значеше доколку едно основно училиште направи таков систем или направи услови во кои што тоа основно училиште ги има најдобрите во еден поголем регион, мислам дека начинот на кој што ќе ограничиме одреден дел на ученици да не го посетуваат тоа училиште, нанесуваме неправда кон самиот избор на родителите и на учениците за она што значи подобро, што значи подобро образование што никој не смее да му го забрани. Со тоа, согласно реонизацијата на основните училишта веќе поставуваме никои територијални правила, кои територијални правила ги ограничуваат родителите и саите ученици во својот избор на подоброто образование за самите себе.

Повторно го имаме во ставот 8 од членов 10 "Контрола на стрествата стекнати од сопствени извори во воспитнообразовните установи основани од општините, односно Градот Скопје".

Значи, повторно ингеренција што треба да биде во однос на она што значи финансиски надзор.

Членот 13, што говори за легитимација на просветниот инспектор, тука е влезен членот 13 како дополна на Главата 5, мислам дека истото го имавме во предходниот Закон за ученички стандард каде што кажувате просветните инспектори во текот на својот работен век се должни перманентно, стручно да се усовршуваат, согласно законот.Ова

"просветните инспектори се должни перманентно, стручно" е апсолутно за мене неприфатливо, затоа што ако сите цело време за својот работен век, почнувајќи, ако некого обработиме на 24 - 25 години, тој со 30 години работен век ако перманентно стручно се усовршува ќе му биде малку да добие титула министер, па што ќе правиме со сите тие перманентно стручно обучени? За другите никогаш нема да дојдеме во ситуација да се занимаваат со ова што е нивна работа и ќе работат на сопственото усовршување. Тоа истото важи и во ученичкиот стандард, истото важи и овде. Мислам дека има стандарди по кои што треба да бидат, вие ги пропишувате, но од друга страна кажувате ситуации за кои што апсолутно не би сакал да говорам и не сте во право. Начинот на кој што тие перманентно, стручно би се усовршувале, тоа нема крај. Тоа, како што пишувате на 5 години, во еден работен век од 30 или 35 години, 7 пати некој ќе треба да полага. Не знам која титула би ја имал на крајот при заминување во пензија.

Членот 17, говорите за стручно знаење, стручно лице од соодветна област што може да помогне. Тука имам забелешки на 3 става. Тоа е ставот 3 "списокот на стручни лица го утврдува министерот". Во членот 17, во ставот 1 говорите дека доказот може да се изведе и со помош на стручно лице од соодветна област. Списокот го утврдува министерот. Вие, како министер во моментов, не сакам лично кон вас да се обратам, но било кој министер кој ќе дојде после вас, колку е тој моќен, колку тој знае сите овие стручни лица од било која област, што тој ќе ги дефинира, дали е министерот тој кој треба да го направи тој список? Понатаму говорите дека стручното лице ќе го определи директорот од списокот на стручни лица.

На крајот, последниот став вели: "Стручното лице треба да го познава јазикот на учесниците во постапката". Тука апсолутно мислам дека не е во ред и ова под итно треба да го смените, затоа што за поодделни области има многу малку стручни лица, ако говориме за експерти. Со ова вие наоѓате начин да ги ограничите и не е проблем, пред малку говоревме и допрва треба да се носи законот за јазиците и не знам која е пречката ако некој не познава одреден јазик да биде елиминиран како стручно лице бидејќи не го познава јазикот на учесниците во постапката.

Овој став мислам дека апсолутно треба да се брише бидејќи не му е тука местото, затоа што начинот кој што во таа постапка и овие учесници секогаш можат да бидат што познаваат два-три јазика и тука апсолутно не би имало никаков проблем, како што тука се решава проблемот со преведувачи истото може да се реши и таму.

Понатаму, би ве запрашал директно за членот 20 кој говори за интегралната евалуација на воспитно-образовната установа и кажувате "опфаќа", под 1) во ред "организација и реализација на наставата;

под 2) би ве прашал што значи "клима и култура во воспитно-образовните установи". "Клима" што е дожд, снег, сонце, ја не можам да го сфатам ова "клима и култура во воспитно- образовните установи". Клима е се ова што се случува околу нас господине министре и како збор апсолутно тука не му е местото.

"Менанџмент" не гледам што "менанџмент" тука можете да кажете во однос на она што луѓето ќе го работат. Тоа ќе го оставиме вие да го докажете ако можете да го докажете.

Понатаму, членот 25 каде што кажувате "пред да се изврши посета на воспитно-образовната установа државниот просветен инспектор го информира директорот на воспитно-образовната установа, училишниот одбор и советот на родителите за својата намера", тоа е став 1.

Јас колку што нам ревизија и ова што значи просветните ревизори во моментот како што се случува во многу места во Република Македонија без апсолутно никаква најава се прават овие работи, затоа што вие ако се најавите за една недела, или не знам колку треба да се најавите апсолутно ќе имате сменета ситуација во било која област. Тоа вие го знаете можеби и подобро од мене.

И, можеби е печатна грешка, можеби е техничка грешка, не знам, но во ставот 2 се вели: "Државниот просветен инспектор напред се договара со директорот на виспитно-образовната установа за целите на неговата посета, како и за програмата на неговите посети на поединечни часови на наставниците".

"Напред" или назад јас не знам, но сигурно зборот "напред" тука не му е местото, како напред, однапред или предвреме, во секој случај имаме многу поадекватни зборови отколку зброт "напред" ќе се договорат. Тука апсолутно, бидејќи вие сте министер за образование мислам дека требаше да водите многу поголема грижа како е доставен овој закон до нас пратениците за разлика од некои други закони кои што денеска поминаа на ова Собрание, но по се изгледа многу брзо ќе треба да правиме нешто друго. Но, во секој случај тоа е ваша одлука.

Понатаму, ќе направите многу проблеми со овластувањата и одговорностите на просветниот инспектор. Мислам дека тука може да се направи цел галимат, затоа што во ставот 5 од членот 28 се предлага поведување постапка за поништување на испити при чие спроведување се повредени прописи и поништување на свидетелства, дипломи и други јавни исправи добиени од тие испити. Тука ќе дојдеме до една ситуација, ставот 6 предлага поведување постапка за поништување на свидетелства, уверенија и дипломи издадени од воспитно-образовни установи кои  немаат дозвола за работа.

И ќе се вратиме на Тетовскиот универзитет. Со ова дали сакате да го санкционирате докму тоа, или се работи за нешто друго, затоа што вакви свидетелства, уверенија, дипломи, сведоци сме во однос на нивната валидност и на начинот на кој што тоа е завршено дека вие со закон тоа го дозволивте да се направи и сега кажувате за установи кои немаат дозвола за работа. Колку што мене ми беше познато кога говоревме за тој универзитет на сите ни беше јасно дека апсолутно, и Тетовскиот универзитет е еден од нив и на секое кажуваме мислам дека вие мудро ќутевте, барем "мудро",  но сега еве наоѓате начин како сега сето ова да го поставите во законот.

Понатаму, во членот 30 каде што кажувате дека просветниот инспектор предлага до раководниот орган на воспитно-образовната установа, ученичкиот и студентскиот дом високообразовната и научната установа установува мерка оддалечување на вработен од работно место ако врз основа на факти при вршење на надзорот утврди дека постои основано сомение дека наставник, директор и други вработени во воспистнообразовниот процес сториле повреда со тоа што:

прво, се зависници од дрога односно алкохол.

Ова ми личи многу несериозно еден просветен иснепктор да дојде во една установа и да даде предлог оддалечување или исклучување, врз основа на што. Вие треба да имате факти врз основа на кои што ќе докажете дека некој е зависник од дрога, или е зависник од алкохол. На овој начин апсолутно некоректно или му давате на некого за право, или правите судски процес после кој што некој ќе треба да докажува и да наведува ситуации кои што се вистини.

Во однос на останатите точки, а ги има уште 4 наведуваат ученици, студенти за уживање на дрога, или на истите им продавале дрога вршат психичко и физичко малтретирање на деца, ученици и студенти, наведуваат кон сексуална злоупотреба и сексуално злоупотребува ученик, студент или вработен прават повреда при наплатување и распределба на финансиски средства.

Зад сето ова постои нешто друго, имаме Министерство за внатрешни работи и врз основа на ова што вие сте го напишале овде следи кривична пријава до Министерството за внатрешни работи. Значи, тука апсолутно просветниот инспектор нема што да прави и нема што да работи освен да ја направи кривичната пријава до Министерството за внатрешни работи, а ако тоа функционира тогаш не знам што работеле претходно директорот во таа установа и одговорните луѓе кои што ја водат, дали тоа е студентски дом, дали е за висока установа, дали е за средно образование или за нешто друго.

Понатаму, во членот 44 просветниот инспектор кога го врши инспекцискиот надзор и ќе утврди повреда на закон или некој друг пропис над чија примена врши надзор друг орган на државната управа должен е за тоа да го извести надлежниот орган, односно  служба. Ова е во коализија со членот 30, за кој што пред малку говоревме. Значи двата члена еден со друг не можат да бидат заедно, а вие треба да знаете подобро за таа ситуација.

После сите овие забелешки мслам дека начинот на кој што вие сакате да го донесете овој закон, а го донесовте и претходниот кој апсолутно нема никаква коресподенција со ученичкиот стандард, бидејќи се работи за студентски и средношколски домови во кои што државата се исклучува од ученичкиот стандард освен со две реченици на кои што никој не ќе може да се повика за жал. Овој закон за просветна инспекција со сите овие недоследности во самиот закон мислам дека треба да се доработи, а на овој начин ние не би го гласале, исто како што не гласавме денес за некои закони кои што поминаа. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Мавровски.

Дали некој сака реплика од пријавените за дискусија.

Има збор господинот Иван Анастасовски, три минути за реплика.

**Иван Анастасовски:** Благодарам господине потпретседател.

Колеги пратеници,

Јас го почитувам правото на господинот Спире Мавровски кој си го кажа своето размислување по однос на членовите од законот кој денес е на дневен ред, меѓутоа јас сакам да направиме едно појаснување околу она што го рече колегата Мавровски, а се однесуваше на глава 4 член 10 став 3 точка 4, каде што тој говореше за легализација на основните училишта. Јас тука сакам да дадам едно појаснување. Овде точно се кажува дека овластениот просветен инспектор врши надзор, се кажува каде се и во точка 4 кажува дека за вршењето на надзорот согласно регионализацијата на основното училиште, и тоа јас го поврзувам со Законот за основно образование каде што децидно е кажано односно има обврска родителите да ги запишуваат своите деца во регионот каде што живеат, односно гравитираат, како што стои во Законот.

Подолу во Законот за основно образование се кажува како треба да тргне постапката за да се откријат такви недоследности кои ги имаме. Верувајте и од општината од каде што јас доаѓам имавме такви проблеми, родителите своите деца намерно ги запишуваат во некои од поелитните основни училишта и доаѓаме во ситуација одредени основни училишта да останувaат без ученици, а согласно Законот за основно образование знаеме колку е потребен минимум број на ученици за да егзистира една паралелка. Таквите училишта доаѓаат во ситуација да згаснуваат и имаме проблем. Меѓутоа, точно во Законот за основно образование кажано е децидно како таа постапка се уредува и ова е само усогласувње со тие одредби од Законот за основно образование. Не сакам да се направи некоја искривена слика дека родителите не ќе можат, ако добро го сфатив колегата Мавровски своите деца да ги запишуваат во одредени поелитни, или не знам какви училишта. Значи, ова е допрецизирање односно усогласување со она што значи Законот за основно образование. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Анастасовски.

Повелете една минута за контра реплика господине Мавровски.

**Спиро Мавровски:** Благодарам господине Иван Анастасовски.

Вашето мислење е ваше мислење. Врз основа на она што родителите ви го кажувале вас ми го кажувале и мене. Значи, секој има право за сопственото дете да бира она што е најдобро и тука апсолутно нема никаков проблем.

Проблемот и самите знаете дека се јавува во нешто друго.

Оваа реонизација на крајот ќе заврши со гетоизација и тоа никој не го сака и не треба да се случува, а тоа за жал се случува и во основното и во средното образование во Република Македонија. Тоа треба сите да го избегнеме.

Во однос на она што треба да му се понуди апсолутно секое училиште и секој наставен кадар треба да се труди во овие основни училишта да обезбеди подобри услови за да може да има поголем број на ученици, затоа што основата е образованието и секој своето дете го гледа во најдобрата установа. Тоа е многу нормално.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Мавровски.

Повелете три минути за реплика госпоѓица Славица Грковска.

**Славица Грковска:** Благодарам.

Господине Мавровски околу вашите дилеми на член 25 јас сум убедена дека е потполно јасно дека носењето на овој закон е во функција на институционално зајакнување на образовните институции и давање на вистиска улога на државниот просветен инспекторат.

Имено, до сега се соочувавме со ингеренции на просветниот инспекторат кои што се однесуваа единствено на проверка на законитоста, а сега просветниот инспекторат ја добива својата вистинска улога и функција да врши контрола, континуирана и систематска контрола на квалитетот на образовниот процес. Впрочем тоа е една и од заложбите на Националната стратегија за развој на образованието која што ја разгледувавме и усвоивме во Собранието.

За да може оваа суштинска функција државнио просветен инспекторат да ја изведува предвидено е во членот 21 да има и вонреден надзор, затоа што контрлниот надзор е тој што ќе биде претходно најавуван. Имавме иста ваква дилема на Комисијата за образование, меѓутоа ја расчистивме и рековме редовниот контролен надзор ќе биде тој што ќе биде најавуван, меѓутоа вонредниот надзор ќе се врши врз основа на иницијатива од страна на ученици, студенти, родители, совет на родители, вработени во воспитно образовната установа и од други граѓани и ќе биде тој кој што во суштина ќе биде изведуван ад хог, без претходна пријава.

Инаку, пред мене имам еден урнек од вистински извештај извршен во едно основно училиште во Кочани каде што подетално во суштина се разработени кои се податоците кои на инспекторот му се потребни да го направи редовниот контролен надзор. Меѓу нив стои училишната клима, кое што за вас претставува дилема, можеби во однос на терминот, секогаш се употребува во онаа смисла во која што сме навикнале да го употребуваме, а кога зборуваме за училишна клима зборуваме за односите во училиштето, за промовирањето на постигнувањата и за партнерскиот однос со родителите, локалната заедница и локалните

работодавци, што е од исклучително значење за функционирање на образовниот процес во едно училиште. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Повелете една минута за контра реплика господине Мавровски.

**Спиро Мавровски:** Благодарам господине потпретседателе.

Кога мислите за клима, а говорите за односи мене не ми е јасно, но во секој случај секој може климата да ја толкува како сака. Дали со односи човечки, атмосферски, или ситуација на терен тоа е веќе друга работа.

Во однос на членот 25, за кој што сакавте да проговорите јас прашав. Државниот просветен инспектор напред, вие не одговоривте, вие не сте министер за да ми одговорите, но никој не одговори досега барем, во секој случај јас ќе ве запрашам друго.

Ако ги имаме сите овие установи зошто овие прашалници, тој што го имате во раце, не му биде доставен на секое училиште уште на почетокот на школската година и тогаш државниот инспекторат да си земе за право кога сака да ги посети тие училишта. Вонредните надзори апсолутно се исправни и тие треба да се спроведуваат, тука немам ништо и јас не проговорив за членот 21. Говорев чисто за членот 25 каде што мора да постои начин како што државниот инспекторат би го спровел тоа.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Мавровски.

Зборот "клима" го употребуваме секогаш, и кога сака да се нападне Владата дека нема "бизнис клима". Еве сличен збор.

Има збор госпоѓа Марија Којзеклиска.

**Марија Којзеклиска:** Благодарам господине потпретседателе.

Јас би сакала да се вклучам малку во дискусија по основ на овој Предлог за донесување на закон за просветна инспекција, со Предлог на закон.

Ваков закон има, донесен е 1995 година и според начините кои што се наведени во Предлогот на законот се вели дека овој закон не е во состојба да ги извршува ингеренциите кои му се дадени во надлежност, а потребата за донесување на овој закон произлегува од усогласување со Законот за основно образование, средно образование, Законот за локална самоуправа, амандманите на Уставот што се однесуваат на јазикот и процесот на децентрализацијата во образованието.

Убаво е вака Владата што дава предлог за закон за просветна инспекција, но имам неколку забелешки кои според мене се суштински и мислам ако се сака со овој закон да се потполни таа празнина што постои со постојниот закон неопходно потребно е да постои просветна инспекција, тогаш зошто Владата го предлага веднаш со предлог на закон. Кои рокови ја врзаа Владата за да може да го предложи. Се разбира, овој закон како закон е потребен да постои.

Во општите потреби е наведено дека со овој закој се уредува организацијата, надлежностите и овластувањата на просветната инспекција што ја врши државниот просветен инспекторат и овластените инспектори на општината и градот Скопје, меѓутоа во член 4 став 2 се вели: "поблиску организационата поставеност на државниот просветен инспекторат ќе се уреди со посебен акт за организација на Министерството". Зошто го носиме тогаш овој закон. Апсолутно не е потребно, одредба е ова. Со овој закон се вели дека се уредува организацијата на надлежностите и овластувањата, а сега министерот за образование и наука подзаконски акт ќе донесе со кој ќе го уреди истото, пак организацијата на државниот просветен инспекторат. Апсолутно нема потреба од ваква одредба.

Владата како подносител може до завршувањето на расправата да поднесе амандман и сугестија да го повлече ставот 2 од членот 4.

Ставот 3, доаѓаме во актот за систематизација на работните места на државниот просветен инспекторат, се применува начелото на соодветна и правична застапеност на граѓани кои припаѓаат на сите заедници согласно условите пропишани со овој закон.

Не знам од кои причини е испуштена одредбата која постои и во претходниот закон за ученички стандард, мислам претходниот закон кој беше на седница на дневен ред во кој се вели во членот 34 став 2 значи соодветна и правична застапеност на граѓаните кои припаѓаат на сите заедници, меѓутоа стојат многу клучни зборови без да се нарушат критериумите утврдени со овој закон.

Што му фалело на Министерството за образование да ја вметне оваа одредба, намерно или ненамерно пропуштила, а пак така се провлекува да дојде ред да се спроведува начелото за соодветна и правична застапеност на граѓаните. Еве се формира државен просветен инспекторат, кој го раководи директор, кој на предлог на министерот го именува Владата на Република Македонија и сега во отсуство на директорот, зборувам за членот 5 во втората реченица, во отсуство на директорот го заменува, сега е многу интересна дефиниција, раководен државен службеник кој врши инспекциски надзор, што тој ќе го определи.

Ако веќе имаме директор, на тој директор согласно постарата номенклатура има заменик директор. Каков е овој раководен државен службеник, што врши инспекциски наедзор. Мислам дека петте години на педагошко работно искуство во воспитанието и образованието и тоа е многу дискутабилно. Во кој дел на воспитниот процес, дали лице кое работи во детска градинка, која има високо образование, има пет години педагошко работно искуство, може или воспитувањето и образованието во детска градинка може да биде директор на државниот просветен инспекторат.

Понатаму, членот 9 во кој таксативно се наброени 15 точки во кои се утврдува

надлежноста на државниот соодветен инспекторат, што е уште една потврда дека не треба министерот да донесува подзаконски акти, со кој поблиску ќе ја уреди организацијата и надлежностите. Точка 14 вели дека контрола на с редствата стекнати од сопствени извори во установите за средно образование, основани од државата. Сега овој државен инспектор просветен, треба ли да биде просветен инспектор, кој ќе ги исполнува, односно ќе врши контрола на 13 точки, или треба да биде финансова полиција и да ги контролира средствата стекнати од сопствени извори во установите, за средно образование основани од државата. За тоа има надлежен орган, не може сега и просветен државен инспекторат да се занимава со финансиските средства.

Сега доаѓаме до втората група овластени просветни инспектори на општината и на градот Скопје.

Во членот 10 во ставот 1, се вели: "градоначалникот на општината, односно на градот Скопје може да овласти лице од општинската, односно администрацијата на град Скопје, за вршење на работи на просветен инспектор, или во понатамошниот текст, овлалстен просветен инспектор. Сега се наведени надзор како врши во членот 10 осум точки. Во осмата точка имаме контрола на средства од сопствени извори во воспитно образовните установи основани од општината и овој ќе биде финансов инспектор, овластениот, и државниот просветен инспектор. А знаејќи ја состојбата во образованието, тие луѓе не можат, 90% од работното време малку ќе им биде да ги средат состојбите во образованието и воспитно образовниот процес, а не да се занимваат со контрола на сопствените извори.

Сега овој член 10 е во колизија со членот 11 во кој се вели, или апсолутно не е потребен.

Членот 11 вели доколку градоначалникот на општината, односно на Градот Скопје не овластил просветен инспектор за вршење на надлежностите, истите ќе ги врши државниот просветен инспектор, а инспектор во државниот просветен инспекторат. Зошто тогаш му даваме претходно овластувања, ако со една друга норма велиме, па ако на градоначалникот на Скопје или на Штип, не сака да овласти просветен инспектор, тогаш надлежноста ќе си ја земе државниот просветен инспектор.

Доколку законот за локална самоуправа и надлежностите на градоначалникот, членот 50, став 1 точка 13, се вели значи градоначалникот раководи со општинската администрација. И ништо повеќе. Дали ова треба да биде, јас не сум, да не се разбереме погрешно да нема овластени просветни инспектори, меѓутоа, нивната надлежност, нивната задолжителност, поточно треба да биде уредена со овој закон. На крајот на краиштата името на овој закон е закон за просветна инспекција. Не е тоа само за државниот просветен инспекторат. Се работи за останатите, ако велиме дека треба да го усогласиме овој закон со Законот за локална самоуправа, основно образование, средно образование. И процесот на децентрализација.

Според мене значи треба да биде задолжителна одредбата, а не да оставиме на желба на градоначалникот. Дали нему ќе му се сака или нема да му се сака да овласти државен инспектор.

Во глава 6, вршење на инспекциски надзор наведено е во члeновите 14 и 15, што всушност, се прави во оваа глава за вршење на инспекциски надзор. Сега во членот 16 се вели директорот на државниот просветен инспекторат, односно тој специфичниот раководен државен службеник за инспекциски надзор, или да ви преведам, што треба да биде заменик директор од членот 5 се должни да вршат увид над работата на инспекторите, ја усогласуваат работата на инспекторите и даваат задолжиелни инструкции, за работа на инспекторите, стручна помош и слично.

Во членот 17, ставот 2 има една дефиниција од која сум воодушевена. Вака да сакал Ајнштајн да смисли, нема да смислел. Значи да ја цитирам: "под стручно лице во смисла на овој закон, се подразбира лице кое има продлабочени стручни знаења". Која терминологија е употребена господине министре, кој ќе утврди дали тој има продлабочени или поповршни стручни знаења, а него, треба да го ставите на список за стручни лица и секогаш кога треба да се оцени или утврди некој факт, што бил од значење за решавање на предметот, ќе ги викате тие стручни лица, што имаат продлабочени стручни знаења. Терминологијата е катастрофа. Климата и културата ја разбравме, среќа што Законодавно-правната комисија поднела амандмани, а претставникот се согласил со амандманите, па климата е најверојатно превод од англиски "клајн", меѓутоа, не соодветен за Република Македонија, па среќа, реагирала Законодавно-правната комисија. И сега доаѓа членот 27. Колку што се сеќавам имаше поведено една постапка од стана на премиерот на Влдата, господинот Бучковски, за скратување на дискреционите права на министрите, меѓутоа, во овој закон се некако на министерот ќе му ставиме работа, глава да не може да дигне од работа. И сега, членот 27 вели начинот и постапка за вршење на инспекциски надзор, по блиску ќе ги пропишува министерот. Повторно министерот. Е пак министре, тоа е 27 член. Во 27-от член вели ја има уредено постапката и начинот како се врши тој инспекциски надзор со таксативно наредени точки, во членот 10, во членот 9, зошто сега да си земате товар, нова обврска поблилску да ги уредувате овие со подзаконски акти, само непотребно ве деконцентрираат од вашата редовна работа што треба да ја вршите и одговорна. Така да, единствено што ме бендиса во овој предлог за донесување на закон е членот 30, каде конечно ставот 1, и тука интервенирала поправо Законодавно-правната комисија, па додала алкохол и дрога, таму каде што заборавиле во Министерството да додадат и во точка 4 навеле консексуална злоупотреба, или

сексуално злоупотребуваат ученик, студент или вработен, со оглед на последните случувања што ги имаме со професорите од прилепската гимназија и од средното медицинско училиште. Значи тоа како проблем постоело и тлее подолго време, само што никој немал храброст да го каже, а најверојатно, немало и законска можност тие одредби да се санкционираат. Од целиот закон, само овој член 30 ме бендиса, друго ништо не ме бендиса, во однос на санкционирањето.

Сметам дека овој предлог за донесување на зкакон, со Предлог на закон, Министерството за образование и наука, со оглед на тоа дека нема да настапи смрт за еден месец на никој од нас, не дај боже, да го повлече предлогот на законот, да се врати во прва фаза, со оглед на тоа што голем број од колегите имаат забелешки да се доработи, па да си оди во редовна процедура.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам госпоѓо Којзеклиска, овој збор "бендиса" ми се допаѓа многу, од "допаѓање".

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклулчувам претресот и на Собранието треба да му предложам еден заклучок, но пред тоа, нека влезат пратениците во салата.

Ги молам пратениците да влезат во салата. Општата расправа е заклучна.

Ги молам пратениците да седнат на своите места.

Значи на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за просветна инспекција и ве повикувам да гласаме.

Гласале 64 пратеника, 58 за, 1 воздржан 5 против.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 62 пратеника, 56 за, нема воздржани и 6 против.

Констатирам дека е усвоен Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Комисијата за образование и наука и спорт, поднесе амандмани на насловот на Глава 2, член 4 став 3, член 5 став 2, член 7 став 1, и за бришење на став 2, член 9 став 1, точка 3 за додавање две нови точки 4 и 5 по точката 3, член 10 став 1 за додавање нов став 2 по ставот 1, член 11, ставови 1 и 2, член 14, член 15 став 5, член 16 точки 1 и 3, член 26 ставови 5 и 6, член 28, точки 9 и 11, член 29 точки 6 и 7, член 30 и на член 34, со кој се согласил претставникот на Владата и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Законодавно-правната комисија поднесе амандмани на член 8 став 2, за менување на првата реченица, член 14, член 15 за менување на воведната реченица на став 5, член 17 ставови 4 и 6, член 20, член 25 ставови 1 и 2, член 30 во воведната реченица, алилнеја 2 за додавање нова алинеја 3 по алинејата 2, и за додавање нов став 2, по ставот 1, и на член 33 за додавање нов став 2, со кој се согласил претставникот на Владата и тие се составен дел на Текстот на Предлогот на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам кој бара збор? (Никој)

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 64 пратеници, 59 за, нема воздржани, 5 против.

Констатирам дека Собранието го донесе законот за просветна инспекција.

Благодарам министре.

**Минуваме на точката 14. - Предлог на закон за градење.**

Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени, односно поделени.

Повелете господине Тромбев.

**Томе Тромбев:** Благодарам претседателе, јас знам дека денеска имаше многу прекини, меѓутоа, со оглед на процедурата од Деловникот, особено од член 166, во својство на пртседател на Комисијата за трнспорт и врски, а поради основна причина што Владата во вчерашниот ден поднесе амандмани на Предлог законот за градба, Комисијата треба да ги усогласи своите амандмани, со амандманите и со текстот на Законот за градба. Затоа барам пауза од половина час, Комисијата да може да ги разгледа.

**Љупчо Јордановски:** Бидејќи деловнички имате право, ако сметате дека амандманите нешто суштествено менуваат да се изјасните, јас немам таков авторитет, би ги замолил членовите на таа Комисија да останат сега, бидејќи има барање од претседателот, утре да добиеме мислење и затоа денеска тука ја затворам седницата. Почнуваме утре во 11,00 часот.

(Седницата прекина со работа во 17,15 часот)